АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал бр.5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

**Постапка со барање за прибирање понуди
со објавување оглас во хартиена форма која завршува со електронска
аукција бр.12/2014**

# ЗА НАБАВКА НА УСЛУГА

# РЕВИДИРАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

**Скопје, октомври 2014 година**

## Инструкции за понудувачите

### 1. Предмет на договорот за јавна набавка

Предмет на договорот за јавна набавка е – **Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи** Вид : Набавка на услуга.

Подетален опис на предметот на Договорот: Ревидирање на Годишна сметка и финансиски извештаи на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост за период од 01.01.2014 до 31.12.2014 година согласно член 478 од Законот за трговски друштва и Ревизија на Консолидирана годишна сметка и Консолидирани финансиски извештаи согласно член 506 од Законот за трговски друштва, помеѓу АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост и АД Градски трговски центар Скопје за 2014 година

Предметот на набавката не е деллив

### 2. Начин и рок за извршување на услугата

Ревизија на годишна сметка и финансиски извештаи да се изготви најдоцна до 20.03.2015 година;

Ревизија на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи да се изготви најдоцна до 25.04.2015 година, на начин утврден во задолжителните одредби на Договорот за Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи

### 3. Разлики во цена (корекција на цени)

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

### 4. Начин и рок на плаќање

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Економскиот оператор да го врши вирмански, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Ревизорскиот извештај за извршената ревизија на годишната сметка и финансиски извештаи за 2014 година и Ревизорскиот извештај за ревизија на Консолидираната годишна сметка и Консолидираните финансиски извештаи помеѓу АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје и АД Градски трговски центар Скопје за 2014 година и уредно доставена фактура за извршена ревизија во Архивата на Договорниот орган.

### 5. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

5.1. Лична состојба

- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;

- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

5.2 **Способност за вршење на професионална дејност**

За да учествува во постапката за доделување на договор, понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран

6.**<u>Начин на докажување на способност на понудувачот</u>**

Понудувачот го потврдува исполнувањето на критериумите за утврдување на личната состојба со изјава која ја доставува во прилог на својата понуда. Исполнетоста на останатите критериуми за утврдување на способност, понудувачот ја докажува со доставување на потребната документација утврдена во овој дел од тендерската документација.

**6.1** <u>За докажување на личната состојба:</u>
- изјава на понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

Документите од точка 6.1. не смеат да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот на барање на комисијата. Ако договорниот орган се сомнева во документите за утврдување

на личната состојба на понудувачот, тој го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.
Согласно со член 102, став 4 од Законот за јавните набавки, понудувачот не треба со својата понуда да ги достави горенаведените документи предвидени со законот како доказ за личната состојба. Наместо тоа, понудувачот поднесува изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на личната состојба, која е дадена во прилог на оваа тендерска документација. Комисијата ќе побара само од понудувачот чија понуда ја утврдила за најповолна да ги достави потребните документи за утврдување на неговата лична состојба.
Комисијата ќе прифати документи за утврдување на личната состојба кои се издадени и по денот на јавното отворање на понудите, но не подоцна до денот на донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

5.2.1За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да достави документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран, кој го доставува заедно со понудата во оригинал или копија заверена од понудувачот.

**5.2.2 Понудувачот треба да достави лиценца за вршење на работи од ревизија.**

<u>7.Појаснување, изменување и дополнување на тендерската документација</u>

<u>7 Појаснување на тендерската документација</u>

7.1.1. Економскиот оператор може да побара појаснување на тендерската документација од договорниот орган, исклучиво во писмена форма, најдоцна 3 дена пред крајниот рок за поднесување понудите.
7.1.2. Појаснувањето договорниот орган ќе го достави до сите економски оператори што подигнале тендерска документација, без при тоа, да се идентификува економскиот оператор што побарал појаснување.

<u>7.2 Изменување и дополнување на тендерската документација</u>

7.2.1. Договорниот орган го задржува правото најдоцна 3 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ги извести сите економски оператори што неа ја подигнале.
7.2.2. Во случај на измена на тендерската документација, договорниот орган ќе го продолжи крајниот рок за доставување на понудата за најмалку 6 дена.
7.2.3. За продолжување на крајниот рок, договорниот орган писмено ќе ги извести сите економски оператори што подигнале тендерска документација.

## 8. Изготвување и поднесување на понудите

8.1. Изјава за сериозност на понудата

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки. Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува понудата, во прилог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

8.2Изјава за независна понуда

Во прилог на понудата, покрај изјавата за сериозност на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за независна понуда, користејќи го образецот на изјава дадена во прилог на тендерската документација,каде подетално е објаснето нејзиното значење како и кои дејствија ќе се превземат доколку договорниот орган добие сознанија дека дадените наводи се невистинити.изјавата за независна понуда не може да биде потпишана од ниту едно друго лице освен од одговорното лице.

8.3 Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација. Понудата мора да ги содржи сите елементи кои се предвидени во образецот на понуда во прилог на оваа тендерска документација. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува овластеното лице на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

8.4. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Пополнет образец на понуда
- Доказ за регистрирана дејност
- Парафирани и со печат заверени задолжителни одредби на договор
- Пополнет образец на изјава за сериозност на понудата
- Пополнет образец на изјава за независна понуда

-

8.5. Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува 30 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

8.6. Затворање на понудата

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во затворен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.
Внатрешниот плик се приложува во затворен надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот ( 12-2014)
- во горниот лев агол стои ознака „Не отворај", да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Доколку двата плика не се затворени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата. Понудите кои се отворени предвремено поради непридржување кон условите за затворање и обележување на истите ќе се отфрлат како неуредни.

8.7. Принцип на една понуда

Едно право или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поедиечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

8.8 Краен рок за поднесување на понудите

Краен рок за поднесување на понудата е 14**.10.2014 година** до **12** часот. Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.

Понудите се поднесуваат на следнава адреса:

**Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје ул. „Стале Попов" бр. 9 мезанин локал бр.5 Скопје.**
**Начин на комуникација со Договорниот орган-писмена**.
Согласно член **56** од Законот за јавни набавки секое барање,информација, известување и други документи, се испраќаат во писмена форма.
Согласно член **57 став 1** од Законот за јавни набавки Документите се испраќаат по пошта, по факс, или со електронски средства.

Согласно член 57 став 3 од од Законот за јавни набавки,документот кој бил испратен по факс, доставувачот е должен да го достави по пошта, или со користење на електронско средство во рок од два дена од денот на испраќање на документот по факс

**9. Критериум за доделување на договорот**

Критериум за избор на најповолна понуда и доделување на договорот за јавна набавка е:
Најниска цена

## 10. Електронска аукција

10.1. Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на постапка со барање за прибирање на понуди која ќе заврши со електронска аукција како последна фаза во постапката.
Оваа постапка нема да се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), освен во делот на електронската аукција која задолжително се спроведува преку ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk).
10.2. Подетални информации за електронската аукција:
Подетални информации за користењето на електронски средства: За да можете да учествувате на електронската аукција, потребно е да се регистрирате во ЕСЈН. Економскиот оператор се регистрира во ЕСЈН со пополнување на регистрациска форма која е составен дел од ЕСЈН[1] , по што ЕСЈН автоматски ги обработува податоците од регистрациската форма, генерира шифра и истата ја доставува на регистрираната електронска пошта на економскиот оператор. Секое лице кое се регистрира како корисник на ЕСЈН, при пополнување на веб образецот за регистрација се запознава и дава согласност дека ќе ги почитува правилата и условите за користење на ЕСЈН. Повеќе информации за начинот на регистрација и користење на системот ќе најдете во Прирачникот за користење на ЕСЈН наменет за економски оператори, кој можете да го преземете од почетната страна на ЕСЈН во делот „Економски оператори”.
Договорниот орган ќе користи електронска аукција како последна фаза во постапката со барање за прибирање на понуди. Предмет на електронската аукција е вкупната цена вклучувајќи ги сите трошоци и попусти , без ДДВ. Почетна цена на електронската аукција е најниската цена, од прифатливите понуди поднесени во првичната фаза од постапката.
Поканите за учество на аукцијата ќе се достават во електронска форма преку ЕСЈН по целосната евалуација на првичните понуди, до сите економски оператори кои доставиле прифатливи понуди во првата фаза од постапката и кои се регистрирани во ЕСЈН.
Поканата за учество на аукцијата ќе биде електронски испратена на адресата за е-пошта на лицето за контакт наведено во Образецот за понуда кое претходно е регистрирано во ЕСЈН.
Во поканата за учество на аукцијата ќе бидат содржани следниве податоци: почетната цена на аукцијата, односно најниската цена од првично поднесените понуди,датумот и часот на започнување и завршување на аукцијата; интервалот во кој ќе се спроведува негативното наддавање (минимална и максимална разлика во понудени цени).
**Предмет на електронската аукција ќе биде вкупната цена.**
Минимална разлика во процесот на негативно наддавање е 5% од почетната цена која е предмет на наддавање.

Максимална разлика во процесот на негативно наддавање е 10% од почетната цена која е предмет на наддавање.

Електронската аукција ќе се одвива во еден круг со времетраење од **15 (петнаесет минути)** со можност да се изврши автоматско продолжување на времето на негативно наддавање за дополнителни 3 минути, доколку во последните три минути од аукцијата се достават нови намалени цени.

[1] Линк „Регистрирај се“ во делот „Економски оператори“ на почетната страна на ЕСЈН

Доколку е поднесена само една понуда или само една прифатлива понуда, електронската аукција нема да се одржи, а договорниот орган ќе го покани единствениот понудувач да поднесе конечна цена преку ЕСЈН.Во поканата за поднесување конечна цена се содржани следниве податоци: идентификување на делот на понудата кој ќе биде предмет на поднесување конечна цена, информации кои ќе му бидат достапни пред поднесувањето на конечната цена и временскиот период за поднесување конечна цена. Единствениот понудувач ја поднесува конечната цена во утврденото време само еднаш, а доколку не поднесе конечна цена , првично понудената цена ќе се смета за конечна.

11.Известување за доделување на договорот за јавна набавка

Сите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на договор за јавна набавка со барање за прибирање на понуди ќе бидат писмено известени за изборот на најповолна понуда во рок од три дена од денот на донесување на одлуката за доделување на договорот за јавна набавка, а во прилог на известувањето договорниот орган ќе достави и примерок од одлуката. Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.

**12. Правна заштита**

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки.

**13. Завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка**

13.1 Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

13.2 Веднаш по завршување на постапката, договорниот орган ги враќа мострите, урнеците и документите кои предвидел дека ќе се вратат на понудувачите.

**Образец на понуда**

Врз основа на огласот за доделување договор за јавна набавка на услуги бр. **12/2014** за Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи во постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас со е-аукција и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ____________________________________________
I.2. Контакт информации
– Адреса: ____________________________________________
– Телефон: ____________________________________________
– Факс: ____________________________________________
– Е-пошта: ____________________________________________
– Лице за контакт: ____________________________________________
I.3. Овластено лице: ____________________________________________
I.4. Даночен број: ____________________________________________
1.5 ЕМБС ____________________________________________
1.6Жиро сметка и депонентна банка ____________________________________________

**Дел II – Техничка и финансиска понуда**

II.1. Согласни сме да извршиме услуга за: Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи

II.2. Според тоа, вкупната цена на нашата понуда во денари, вклучувајќи ги сите трошоци, попусти без ДДВ, изнесува:

____________________________________________

____________________________________________
(во денари со бројки и букви)

Вкупен износ на ДДВ во денари изнесува:

____________________________________________

____________________________________________
(во денари со бројки и букви)

Вкупна цена во денари со ДДВ за Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи изнесува :

____________________________________________

____________________________________________
(во денари со бројки и букви)

II.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

II.4.Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на услугата утврдени во тендерската документација.

II.5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и приложените задолжителни одредби на Договор за Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи.

.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| ____________________ | ____________________ |
| | (потпи и печат) |

## Изјава

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот ____________________________________________________________ *[се наведува назив на понудувачот]* во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба на понудувачите утврдени во законот и во тендерската документација по огласот за доделување на договор за јавна набавкабр.**12/2014** за Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи година објавен од страна на ____________________________________ *[се наведува називот на договорниот орган]* со барање за прибирање на понуди и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

Место и датум

___________________________

Одговорно лице

___________________________

(потпис и печат)

**Изјава за сериозност на понудата**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ ( име и презиме), врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на овластено лице на понудувачот ________________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| ____________________________ | ____________________________ |
| | (потпис) |

**Изјава за независна понуда**

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 129 став 2 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот ________________________________________, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудата во постапката со барање за прибирање на понуди со објава на оглас бр.**12 /2014** ја поднесувам независно, без договор со други економски оператори на начин кој не е спротивен на прописите за заштита на конкуренцијата.
Истовремено,под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека при доставувањето на понудата за постапката бр.**12 /2014** не учествувам со други економски оператори со кои сум капитално, сопственички или роднински поврзан.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од давање на невистинити наводи во изјавата, што ќе доведе до поведување на соодветна постапка против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум　　　　　　　　　　　　Одговорно лице

_________________　　　　　　　　　　_______________________

Задолжителни одредби на договор
за Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи

Склучен помеѓу:
**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

1.Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, со седиште на ул.Стале Попов,, бр.9 мезанин локал бр.5 Скопје, ЕМБС 6701213 ЕДБ 4080011521604 депонент на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје со жиро сметка бр.210067012130168 застапувано од Генерален директор Шеваљ Цеку (во натамошен текст: Договорен орган )

2. ______________________, со седиште на ул.______________ бр._____, со ЕМБС_________, ЕДБ ________________ депонент на __________________ со жиро сметка ______________________ застапувано од ______________________ (во натамошен текст: Економски оператор)

Член 1

Со овој Договор договорните страни ги уредуваат меѓусебните права и обврски во врска со Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2014 година по спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас со електронска аукција согласно Одлуката за јавна набавка бр.05-4122/1 од 05.09.2014година и Одлука за избор на најповолна понуда бр._______ од ____________ година.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 2

Предмет на овој Договор е Ревидирање на Годишна сметка и финансиски извештаи на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост –Скопје за период од 01.01.2014 до 31.12.2014 година согласно член 478 од Законот за трговски друштва и Ревизија на Консолидирана годишна сметка и Консолидирани финансиски извештаи согласно член 506 од Законот за трговски друштва, помеѓу АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје и АД Градски трговски центар за 2014 година.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 3

Вредноста на овој Договор према прифатената понуда на Економскиот оператор заведена кај Договорниот орган под бр.______ од _____ година,изнесува _____________денари без ДДВ, ДДВ во износ од ________ или вкупно ______ денари со вклучен ДДВ и сите други трошоци.

Вредноста на овој Договор е фиксна и непроменлива.

*НАЧИН , УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ*

Член 4

Договорниот орган е должен на Економскиот оператор за извршената услуга да изврши плаќање по извршена услуга и тоа во рок од 30 (триесет) дена од приемот на Ревизорскиот извештај за извршената ревизија на годишната сметка и финансиски извештаи за 2014 година и Ревизорскиот извештај за ревизија на Консолидираната годишна сметка и Консолидираните финансиски извештаи помеѓу АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје и АД Градски трговски центар Скопје за 2014 година и уредно доставена фактура за извршена ревизија во Архивата на Договорниот орган.

**НАЧИН И РОК ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГАТА**

Член 5

Економскиот оператор е должен да обезбеди стручни и квалификувани лица-овластени ревизори за вршење на услугата предмет на овој Договор.

Економскиот оператор е должен да ја врши услугата предмет на овој Договор совесно, стручно, квалитетно и објективно согласно прописите за начинот на вршење на ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија, правилата за професионално однесување на овластениот ревизор – Економскиот оператор како и согласно Законот за трговски друштва.

Економскиот оператор одговара за точноста на утврдените состојби во постапката на ревизијата и за даденото мислење во ревизорскиот извештај.

Член 6

Договорниот орган е должен на Економскиот оператор да му овозможи потребни услови за извршување на предметот на овој Договор, вклучувајќи пристап во секое разумно време до книгите, сметките и налозите како и давање на точни информации и објаснувања, кои се потребни и неопходни за извршување на предметот на овој Договор ,согласно важечките прописи кои ја уредуваат ревизијата на годишната сметка и финансиски извештаи.

Член 7

**Рок за извршување на услугата**:

- Ревизија на годишна сметка и финансиски извештаи да се изготви

  најдоцна до 20.03.2015 година;

- Ревизија на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски

  извештаи да се изготви најдоцна до 25.04.2015 година.

Во случај на доцнење или неизвршување на услугата предмет на овој Договор ,Договорниот орган може да го раскине Договорот со проста изјава за раскинување на Договорот и задржување на правото на договорна казна и надомест на штета.

Во случај на раскинување на Договорот од претходниот став на овој член, Економскиот оператор е должен во рок од 15 дена од денот на раскинувањето на Договорот да му плати на Договорниот орган договорна казна во износ од 10% од вредноста на Договорот утврдена во член 3 став 1 од овој Договор.

Во случај ако штетата што ќе ја претрпи Договорниот орган заради раскинувањето е поголема од договорната казна, Економскиот оператор има обврска да му ја надомести на Договорниот орган разликата до целосниот надомест на штета.

Член 8

Економскиот оператор е должен на Договорниот орган да му ја надомести штетата што ја претрпел поради неисполнување или ненавремено исполнување на договорните обврски.

Договорниот орган има право поради неисправност или недостаток во вршењето на услугата предмет на овој Договор, по свој избор да бара:

- Раскинување на Договорот
- Бесплатно отстранување на недостатоците
- Надомест на штета

**ВИША СИЛА**

Член 9

Договорниот орган и Економскиот оператор се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 10

Договорот стапува во сила веднаш по неговото заверување во архивата на договорниот орган.

Член 11

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, или се во врска со Договорот е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Член 12

Економскиот оператор се обврзува да ги чува како професионална и деловна тајна и нема да ги направи достапни за трети лица , податоците и информациите кои потекнуваат од Договорниот орган или се однесуваат на Договорниот орган а со кои Економскиот оператор се запознал во текот на извршување на Договорот.

Член 14

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено.

Доколку спорот не се реши спогодбено истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

Член 15

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и позитивните прописи во Република Македонија.

Член 16

Овој Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кој 4 (четири) за Договорниот орган и 2 (два ) за Економскиот оператор.

| **ДОГОВОРЕН ОРГАН** | **ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР** |
|---|---|
| ______________________________ | ________________________________ |